**ОБЕДИНЕТИ НАЦИИ**

# ПОРАКА ОД ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР ПО ПОВОД СВЕТСКИОТ ДЕН НА МЛАДИТЕ

**12 АВГУСТ 2007**

Меѓународниот ден на младите е прилика која се пружа еднаш во годината да им се оддаде признание на 1,2 милијарди млади луѓе ширум светот, да се прославаат нивните достигнувања, и да се дејствува за нивно учество во сите области на општеството.

Овогодинешното одбележување – Биди виден, биди чуен: младинско учество за развој – се фокусира на огромните придонеси што младите жени и мажи каде било во светот можат да ги дадат и ги даваат за националното унапредување. Тие се вредни и посветени партнери во глобалните напори за постигнување на Милениумските развојни цели, вклучувајќи ја и целта за намалување на сиромаштијата и гладта за половина до 2015 година. Тие остануваат на чело во борбата против ХИВ/СИДА. И тие донесуваат свежи, иновативни мисли во врска со долгорочните развојни проблеми.

Приближувајќи се до половина пат од трката за остварување на Милениумските развојни цели, нивното учество ни е потребно повеќе од кога било до сега. Нивната енергија и идеализам можат да помогнат да се надополни она што е пропуштено, како и да се остварат нашите развојни цели во потполност и на време.

За возврат, ние мораме да ги исполниме нашите обврски кон младите. Светската Програма за акција за млади бара од Владите да ги земат предвид придонесите од младите луѓе во поглед на сите политики кои што влијаат на нив. Владите мораат да ја почитуваат оваа заложба. Тие исто така мораат да ги зголемат финансиската и техничката поддршка, како и поддршката во образованието која им се пружа на младите луѓе, како и да им помогнат да го реализираат сопствениот потенцијал.

И покрај растечкото признание на нивните потреби, во некои делови на светот младите луѓе и натаму остануваат маргинализирани и игнорирани. Нивниот статус како група која се судира со непропорционални размери на сиромаштија и невработеност е често пати превидена. Како резултат на тоа, младите се судираат со три пати поголема веројатност да бидат без работа во споредба со возрасните. Всушност, иако сочинуваат една четвртина од светската работна сила, младите луѓе сочинуваат речиси една половина од невработените.

Крајно време е да престанеме да ги гледаме нашите млади луѓе како дел од проблемот и да започнеме да ги развиваме нивните ветувања и потенцијали. На овој Меѓународен ден на младите, да одлучиме да инвестираме и да ги заштитиме нашите највредни ресурси, и да им дадеме на младите мажи и жени фер и потполн уддел во нашето општество, како и во неговиот успех.